**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,06 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Почитувани колеги пратеници бидејки на списокот нема потпишано доволен број на пратеници, а поголема група на пратеници сеуште е на координација објавувам 20 минути пауза.

(Пауза од 11,08 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,36 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 33-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдуалди Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азиз Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Георгиевски, Ристо Пенов, Фијат Цановски, Радмила Шекеринска и Илинка Митрева ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Молам, службите да го утврдат точниот број на пратеници коис е присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканете Претседателот на Република Македонија .

Претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за разрешување на член на Владата на Република Македонија и Предлогот за избор на членови на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред на оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници од кои 61 гласале за, 1 се воздржал, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1.Предлогот за разрешување на член на Владата на Република Македонија 2.Предлогот за избор на членови на Владата на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници и сите 63 гласале за. Нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог за разрешување на член на Владата на Република Македонија.**

Предлогот за разрешување на член на Владата на Република Македонија ви е доставен.

Собранието разрешува член на Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот Имер Алиу, да биде разрешен од функцијата минситер за животна средина и просторно планирање.

Молам, кој бара збор?

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани пратеници.

Денеска е доставен Предлог на дневен ред за разрешување на господинот Имер Алиу од функцијата минситер за екологија и за назначување за министер без ресор и назначување на министер за екологија односно за животна средина и просторно планирање на господинот Џелил Бајрами.

Сакам да ве информирам дека овој чекор го преземав од причина што оценив дека е потребно посебно зајакнување на потпретседателот на Влада, за кој штоподоцна планирам да го предложам господинот Имер Алиу и за негово целосно посветување на спроведувањето на Охридскиот договор, иако досегашниот потпретседател на Влада одлично ја извршуваше таа работа, сепак неговата преголема ангажираност во два, на некој начин ресора, во здравството и во овој исклучителен сегмент не можеше да му даде до крај можности, толку многу време колку е потребно да посвети и на двата, така што цениме дека во разговорите што ги извршив и со минситрите и со сите релевантни фактори што го сочинуваат мнозинството во моментот, оценивме дека е потребно да се зајакне овој капацитет. Да се зајакне капацитетот на оваа исклучително важна точка во Владата и да се предложи нов минситер за екологија, кој што е малд човек, со соодветно образование, има завршено географија и историја и човек кој што го познава англискиот јазик, човек којштоочекувам многу брзо да продолжи успешно да ја врши функцијата минситер за животна средина и

просторно планирање, како што тоа го правеше господинот Имер Алиу.

После тоа господинот Имер Алиу целото свое време и капацитетите ќе ги посвети токму на спроведувањето на Охридскиот Еамковен договор на неговото следење, на имплементацијата и на сите детали што се поврзани сонего, така што и во едното и во другото, значи и во здравството и во спроведувањето на Охридскиот договор и животната средина да се дадат максимум капацитети колку што може да ги даде минситер со толку високкапацитет.

Оттука ценам дека ова ќе придонесе за подобро работење на Владата, за успешно работење и во здравството и во спроведувањето на Охридскиот договор и се разбира за продолжување на проектите во Министерството за животна средина и просторно планирање. Затоа ве молам да го прифатите денешниов предлог со кој што Џелил Бајрами би се назначил за минситер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање, а Имер Алиу за министер без ресор. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам почитуван претседател на Влада.

Процедурално три минути за пратеникот господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе интервенирам процедурално и забелешката е до вас.

Господинот претседател на Владата, господинот Груевски зборуваше по втората и првата точка заедно. Ако сакаме да го вратиме, или да ја поправиме единицата што Собранието како институција ја има во очите на јавноста тогаш вие ќе го прекиневте, ќе соберевте храброст за разлика од вашиот претседател на партијата и ќе го вратевте на правата точка за да го образложи само разрешувањето, а по точката два да отворите дебата во која што ќе го даде предлогот. Сега вака сме хендикепирани затоа што господинот Никола Груевски говореше по две точки.

Затоа процедуралната забелешка е до вас и ве молам да се држите и до Деловникот и до дигнитетот на Собранието. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам на забелешката, забелешката дека ќе соберам храброст не ви е на место затоа што јас сакав сега, меѓутоа виеземавте збор процедурално.

Јас сакав да му укажам процедурално дека се работи за разрешување на господинот Имер Алиу како министер на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Продолжуваме со расправа.

Три минути процедурално за господинот пратеник Илија Китановски, повелете.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе,

Мојата процедурална забелешка се однесува на процедуралната забелешка на колегата Макрадули и мислам дека апсолутно не е во право и дека образложувањето на премиерот беше токму во функција на причинско последична врска меѓу првата и втората точка. Тој зборуваше само по првата точка и дел од образложението зошто се предлага првата точка е следејки по втората. Значи тоа е причинско-последична врска и немојте да патите и да се губите во формалности, затоа што со тоа ја нарушувате суштината.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки повеќе нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Собранието разрешува член на Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Прелдогот Имер Алиу да биде разрешен од функцијата министер за животна средина и просторно планирање го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Гласањето не е валидно.

(Реакција на пратениците од опозицијата зошто гласањето не е валидно).

Се извинувам, во салата се пристуни 70 пратеници, меѓутоа процедурално бара збор пратеникот госпоѓа Силвана Бонева, повлете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија барам поименично гласање. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Дали имате подршка од 10 пратеници.

(Пратеници креваат рака)

Во ред.

Бидејки Деловнички има право, се работи за бројката што е блиску до бројката потребна за разрешување преминување на...

Процедурално бара збор пратеникот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседателе мислам дека имаме повеќе од јасна состојба и сакам најдобронамерно да ја уважите критиката што кажавте дека гласањето е невалидно. Гласањето беше сосема валидно и треба да констатирате дека Предлогот всушност не помина.

Значи, имаме суштинска разлика. Едно е да имаме невалидно, ова го кажувам најконстуктивно, не да ловам грешки.

Второ, во овој момент имаме состојба каде во Парламентот на Република Македонија предлогот на премиерот, на претседателот на Владата на Република Македонија не помина и тоа треба да се констатира и ве молам да го констатирате, па

подоцна да поминеме на она што, се разбира, мојата колешка од ВМРО-ДПМНЕ...

**Иван Анастасовски:** Го прифаќам вашиот предлог, јас се извинив, реков подоцна дека во салата се присутни 70 пратеници, дека гласањето е валидно, не помина, но имаме процедурално барање и се прифати.

Преминуваме на поединечо гласање.

Молам да се затворат вратите.

Процедурално три минути господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Вие од десната страна немојте да продавате бон тон. Сега ќе видите колку гласа има.

Господине Жерновски ако е претседателот млад, вие многу добро знаете, дека тој требаше прво да констатира дека има 59 гласа за, после толку има против и јас ќе барав процедурално и ќе барав поединечно гласање.

Значи, вашиот проблем е, излезете малку меѓу народот, земете гласови за да дојдете до 61. Сега да гласаме поединечно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам и на вас.

Имаме предлог вратите од салата да бидат затворени, преминуваме кон поединечно изјаснување. Повелете.

**Рокса Георгиевска:**

| | |
|---|---|
| Авировиќ Владанка | за |
| Адеми Џеват | отсутен |
| Ајдини Насер | за |
| Алити Рафис | отсутен |
| Анастасовски Иван | за |
| Андов Стојан | за |
| Андоновска Марија | за |
| Арифи Теута | отсутна |
| Ахмети Али | отсутен |
| Бендевска Весна | воздржана |
| Беџети Блерим | отсутен |
| Бонева Силвана | за |
| Божиновска Валентина | за |
| Бучковски Владо | отсутен |
| Буџаку Агрон | отсутен |
| Вејсели Абдулади | отсутен |
| Велиу Фазли | отсутен |
| Вељаноски Трајко | за |
| Витанов Зоран | за |
| Георгиевски Љубиша | отсутен |
| Георгиевски Љубчо | отсутен |
| Кире Гештаковски | отсутен |
| Ѓелова Стојанова Соња | за |
| Герамитчиоски Тале | воздржан |
| Гинев Јован | за |
| Грковска Славица | воздржана |
| Грозданов Цветко | за |
| Дамески Панче | за |
| Даневски Томе | за |
| Деркоски Оливер | за |
| Димеска Катерина | за |
| Димитриевски Дарко | за |
| Димитровски Ратко | за |
| Димовски Илија | за |
| Догани Бесим | за |
| Додовски Марјан | отсутен |
| Дончев Данаил | отсутен |
| Дулиќ Благородна | за |
| Дураки Садула | отсутен |
| Ѓорѓеска Ружа | за |
| Ѓорѓиевски Веле | за |
| Ѓорчев Владимир | за |
| Жерновски Андреј | воздржан |
| Зашов Благој | за |
| Ибиши Хазбије | за |
| Иванов Љубисав-Ѕинго | за |
| Иванова Цветанка | воздржана |
| Ивановска Јаготка | за |
| Ивановски Игор | отсутен |
| Јакимовска Светлана | за |
| Јакупи Зумрете | отсутна |
| Јаневска Весна | за |
| Јашари Аднан | отсутен |
| Каба Гарип | за |
| Кадриу Фљора | за |
| Киров Ацо | воздржан |
| Кипаризовска Крстеска Анита | за |
| Китаноски Илија | за |
| Китаноски Лазар | отсутен |
| Кондарко Борис | воздржан |
| Коцев Ванчо | за |
| Крстевски Стојче | за |
| Куновска Јагнула | за |
| Лалчевска Ристана | отсутна |
| Макрадули Јани | воздржан |
| Манасијевски Јован | отсутен |
| Маркоски Гоце | за |
| Матоши Ружди | за |
| Мисовски Горан | за |
| Митаноски Веле | за |
| Митрева Илинка | отсутна |
| Мери Младеновска Георгиевска | воздржана |
| Мустафа Неждет | отсутен |
| Слободан најдовски | отсутен |
| Незири Хади | отсутен |
| Незири Сафет | отсутен |
| Николов Марјанчо | воздржан |
| Николоски Александар | за |
| Оровчанец Ѓорѓи | отсутен |
| Пачемски Миле | за |
| Пенов Ристо | отсутен |
| Петковски Тито | за |
| Петрески Зоран | за |
| Петров Горан | за |
| Положани Азиз | отсутен |
| Поп Арсов Петар | за |
| Поповска Лилјана | за |
| Поповски Никола | отсутен |
| Рамадани Агим | за |
| Рахиќ Есад | отсутен |
| Реџепи Даут | отсутен |
| Рилкоски Никола | отсутен |
| Салију Селвије | отсутна |
| Салиу Шабан | за |
| Секуловска Мирјана | за |
| Селмани Ајше | отсутна |
| Селмани Елмазе | за |
| Серафимов Влатко | воздржан |
| Спасеновски Александар | за |

| | |
|---|---|
| Спасовски Оливер | воздржан |
| Станчевска Нада | за |
| Стефановска Анета | за |
| Стоилковиќ Иван | отсутен |
| Стојанов Ристо | за |
| Сулејмани Фадил | за |
| Танчева Тулиева Надица | за |
| Тачи Мендух | за |
| Ташева Виолета | за |
| Топузова-Каревска Роза | воздржана |
| Трајанов Павле | за |
| Ќуркчиев Никола | воздржан |
| Филипова Верица | воздржана |
| Хасипи Кенан | отсутен |
| Хани Тахир | отсутен |
| Цаноски Фијат | отсутен |
| Цветковска Благородна | воздржана |
| Џафери Арбен | за |
| Шамбевски Оливер | за |
| Шекеринска Радмила | отсутна |
| Шутаров Васко | за |

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги вкупно гласале 81 пратеник од кои за гласале 64 пратеници, нема против, 17 се воздржале од гласање.

Констатирам дека Имер Алиу е разрешен од функцијата министер за животна средина и просторно планирање.

**Минуваме на точката 2-Предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија.**

Предлогот за избор ви е доставен.

Собранието избира членови на Владата на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по предлогот Џелил Бајрами да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Владата на Република Македонија, министри, колешки и колеги пратеници.

И денешната седница уште еднаш ја потврди лошата политика или лошиот политички амбиент во Република Македонија и е уште една потврда и доказ кој е вистинскиот кочничар на носењето закони во Собранието на Република Македонија.

Без разлика што по сите наши планирања и најави оваа седница не требаше да трае повеќе од еден час, 40 минути чекавме да се собере парламентарното мнозинство, па потоа чекавме да се договорат меѓу себе да ја научат техниката да притиснат 61 пратеник за поддршка на претседателот на Владата на Република Македонија што некаде во таа процедура се изгуби и еве еден час како што требаше да тече седницата влегуваме во расправа по Предлогот на претседателот на Владата.

Значи, сакаме да зборуваме за ефикасност, сакаме да зборуваме за носење закони, но тоа исклучиво зависи од тој што ги предлага законите. Тоа е прво.

Второ, во најголема мера зависи од парламентарното мнозинство.

За жал, денес имаме уште една потврда на несериозниот однос од двете страни. Денеска, иако се испомешаа точките, станува збор за практична реконструкција на еден министер на предлагање на нов, што станува збор за реконструкција од, можеме да ги бараме причините.

Дали претседателот на Владата се решил за вакво нешто затоа што состојбите во здравството се катастрофални, дали за ова се решил затоа што повторно се на граница меѓуетничките односи од аспект на стабилноста на Република Македонија или е ова само задоволување на партиските желби на единствениот губитник на изборите на 5 јули што е моментално во Владата тоа е ДПА и неговиот експонент господинот Тачи.

Лошо е таа перцепција, вие можете да се смешкате, тоа оди на негативно конто на ВМРО-ДПМНЕ, сакате вие да се смеете или не, тоа оди на негативно конто на стабилноста што политичката Влада треба да ја има меѓу граѓаните на Република Македонија затоа што премногу работи коинцидираат во последно време и премногу работи излегуваат од контрола, но некако одат во прилог на политичката партија која на 5 јули ги изгуби изборите меѓу Албанците во Република Македонија, но заради стратешката определба на претседателот на Владата господинот Никола Груевски, што е сосема легитимно и уставно, тие се дел од Владата на Република Македонија. Со поприличен број на министри, секако несоодветно на нивниот резултат, но истото е легитимно и согласно одлуката на претседателот на Владата.

Или пак ова е инает одговор на можеби рационалното и со добра намера дадена предлог на господинот Тито Петковски за создавање широка коалиција плус ДУИ минус СДСМ во Владата на господинот Груевски за надминување или за поправање на нарушената, ќе се согласите, политичка стабилност во Република Македонија.

Перцепцијата за тоа како функционира Владата и какви се меѓуетничките односи во Република Македонија можеме да ја даваме по наши критериуми, можеме да ја даваме по критериуми на претставниците на Владата, но оние што ја ценат и што се загрижени за Република Македонија иако сакаме кон нив да се однесуваме со потценување, во овој момент и те како изразуваат загриженост за она што се случува.

Час поскоро, до колку ги сфатиме пораките, ќе биде подобро за сите. Не вреди или нема да помогне тоа што ДПА ќе има уште еден министер во Владата на Република Македонија ако Холандската Влада ја откаже помошта од 8,5 милиони евра во образованието. Никој нема да има ќар од тоа. Нема да има ќар здравството ако направиме една шминка во менувањето на

министрите кога зборуваме за различен концепт ако останеме без 38 милиони евра помош од Јапонската Влада.

Значи, не е поставувањето од едно место на друго ќе го реши проблемот во одредени министерства. Јас мислам дека подобра варијанта ќе беше, но нормално не сум претседател, господинот Имер Селмани кој и со конференцијата што ја организира овде и со напорите што ги прави да остане човек кој ќе биде одговорен за меѓуетничките односи, бидејќи тој тоа го покажа кога бил градоначалник на Општина Сарај, а концептот што во овој момент не функционира во здравството каде што по кажувањето на сите и на директорот на Фондот и на заменик министерот Владата се определува за профитно здравство наспроти солидарното здравство. Можеби ќе беше подобра варијанта. Но, сепак, доаѓаме до еден предлог каде ја покажува апсурдноста на тоа како ја подразбираме Владата. Затоа господинот Петковски ќе каже дека за да ја чувствувам за своја, ќе треба да се почитува мислењето. Оваа Влада не треба да ја чувствува никој што е во Владата за своја, ова е Влада на Република Македонија и со сите активности што ги прави оваа Влада треба да се грижи за сите граѓани на Република Македонија, без разлика кој во кој момент ја дал поддршката и за која политичка партија.

Мнозинството граѓани на 5 јули се определија за ВМРО-ДПМНЕ и тие добија мандат да работат не за тие 309 илјади граѓани, туку за сите граѓани на Република Македонија.

И сите политички партии што се во Владата не треба да ја чувствуваат за своја, само доколку им се слушне гласот, туку да работат на принципите, постулатите, од кои што сите граѓани ќе имаа корист.

За жал, предлогот за уште еден министер без ресор не доведува до рекорден број на министри без ресор што некогаш некоја Влада имала. Доаѓаме до фамозната бројка 8 и ние често знаеме кога сакаме да кажеме некој пример се повикуваме на искуство од Европа и кога ни одговара за Деловникот. Но, ако погледнеме каква е бројката со министри без ресор во Европа, ќе погледнеме дека Словенија има 1, Австрија има 2, Грција нема ни еден, Белгија нема ни еден, Данска нема ни еден. Од другите земји Швајцарија нема ни еден, Норвешка нема ни еден, Чешка има 1, Хрватска , Словачка немаат, Естонија нема, Полска има 1. Што зборува дека реформата на јавната администрација како приоритет, за жал, не е приоритет на Владата на Република Македонија. Јас зборував кога беше изборот на еден од министрите без ресор, на господинот Иво Ивановски реков дека во вакви услови во транзиционен период, најдобро е кога има ресор кој ја покрива реформата во јавната администрација, заедно со информатичкото општество како најдобра алатка тоа да се изведе. Но, за жал, влегуваме во една варијанта, каде што ниту со Буџетот сме ги планирале овие трошоци. Од Владата сеуште ја чекаме одлуката колку пари ќе дадеме за министрите кои што дојдоа од странство да ни помогнат, без да водиме сметка дека ова сепак ќе чини многу, дека се измислуваат министерски места , за да се задоволат политичките апетити на коалиционите партнери и без да имаме осет кога ќе предизвика дополнителни буџетски оптоварувања. Значи, бруто еден министерски трошок е 100.000 денари. Се разбира, по начинот како што министрите функционираат во оваа Влада. Сигурно тој ќе има секретарка, ќе има шеф на кабинет, ќе има возач, ќе има кола која се надеваме, нема да му ја украдат и тоа од прилика некаде ќе дојде 20.000 денари кои што ќе бидат дополнителен трошок што државата треба да ги обезбеди само за една позиција во рамките на Владата. Се разбира, со тие три ипол илјади евра можат да се задоволат 30-тина стечајни работници месечно,што ќе беше многу подобро и поефикасно и популистички за Владата и ќе добиеше повеќе поени. Значи, во тој наплив на маркетиншки потези што ги прави Владата сепак, господинот Никола Груевски како претседател се определува за посигурната варијанта, а тоа е Мендух Тачи да му го чува грбот. И тој да биде тој што ќе се грижи за стабилноста од аспект на меѓуетничките односи на одредени процеси во рамки на Владата и во Република Македонија. Затоа, изразуваме загриженост за избрзаноста на одлуките, за целата ршмуијада која што настана. Во петокот беше даден предлогот, се повлече само после 10-тина минути. Нам не ни вреди тоа што господинот Петковски се изненади, го немал чуено предлогот, но не радува што го прифати и извинувањето на премиерот и сега гласаше за, за разрешувањето, што едно извинување е доста што и во друга прилика го разбравме дека кога ќе му се извини човек знае да прости.

Затоа пратеничката група на СДСМ нема да го поддржи овој предлог. Се трошат непотребно буџетски средства, се влегува во авантура на именување на места на кои не им се знае позицијата, функцијата и она што треба да го прават. Реков, мислам дека посоодветно ќе беше господинот Селмани да се посвети на она што подобро го работеше, одколку на здравството, а досегашниот министер за животна средина и просторно планирање практично е со 0 активности, не знам дали ја доби шанската и довербата да може тоа да го прави во една многу исклучителна и важна функција.

Јас се надевам дека ДП на Албанците ќе ги потроши сите потпароли што се во Владата и дека ова ќе биде последен упад од страна на Владата во енормното зголемување на министерските места. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Прв за реплика се јави господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе,

Ние во овие 7-8 минути од говорот на колегата Макрадули слушнавме неколку тези, неколку работи кои што треба да се пресретнат, за кои

што треба да ја направиме македонската јавност свесна и кои што дефинитивно можеме да ги констатираме овие 7 месеци на дејствување на т.н. левица во Република Македонија. Тоа е дека во Република Македонија повеќе немаме левица и десница, туку дека имаме партии кои што се системски и несистемски. Тоа е главната политичка поделба на партиите во Република Македонија. Значи, оние партии кои што се во Владата, кои што работат, кои што имаат програма и кои што институционално сакаат да ги подобрат состојбите во нашето општество и партии и спрега на партии и подземје кое што сака системски, несистемски институционално и неинституционално да го сопре модернизмот во Република Македонија. Значи, од поделбата на овие политички партии, покрај системски и несистемски партии се партиите кои адвокатираат модернизам и го промовираат тој модернизам во Република Македонија и партии кои што се застапници на статус кво на состојбата. Статус кво состојба која што ја гледаме, која што е евидентна, која што е реална, која што значи 105-то место по корупцијата. Статус кво состојба која што ќе значи вакви односи во банкарството, вакви односи во олигархијата, која што ќе значи вакви состојби во судството и која што ќе значи блокирање на Собранието на Република Македонија секогаш кога тие ќе посакаат.

Од друга страна, имаме модернизам кој што го гледаме во предлозите за задолжително средно образование, понатаму модернизам со вашето неприфаќање на Министерството за информатичко општество, модернизам за англиски јазик од прво одделение, најмали даноци итн, Македонија на 21 век. Вашата концепција што полошо, тоа подобро, вашата концепција на заговарање на Влада на широка коалиција, значи политичка 2001 година , значи подгревање на постојана криза што ја манифестирате во ова Собрание на Република Македонија, а што сите нас не упатува на тоа да го псотавиме следното прашање: Дали повторно на некој начин сакате да и забиете нож во грб на сопствената татковина. Дали подготвувате политичка 2001 година, со тоа што постојано ги блокирате институциите, со тоа што постојано подгревате криза и барате проблем таму каде што го нема. Одговорноста е на сите, но вие сте тие кои што го креираат амбиентот. Владата има желба да работи, Владата сака да гради партнерство со опозицијата, но од друга страна сите го правиме амбиентот.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика, пратеник Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Доколку беше оваа точка на дневен ред интерпелација за работата на опозицијата, ова ќе имаше смисла. Инаку овој говор е уште еден непродуктивен, митингашки говор од јуни 2006 во интерес на граѓаните, јас ќе потсетам на февруари 2007 година, каде што за среќа со своите постапки оваа Влада покажа разлика во идеологијата. За нас да, не е исто Тодор Александров и Гоце Делчев. За нас е рамниот данок еднаков на збогатување на олигарсите и правење поголема дупка и тука идеолошки се разликуваме. А тоа што ја изгубиле идеологијата ВМРО-ДПМНЕ кога дошле на власт и кога стануваат заложници на политиката на ДПА, јас тука не сум виновен, тоа е нивна политика, а за нож во грб, господинот Никола Груевски еднаш доби нож во грб од негов коалиционен сегашен партнер, се надевам нема втор. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика господин Мендух Тачи. Повелете.

**Мендух Тачи:** Нешто многу ме сакате! Или преголема љубов имате према мене.

Почитувани колеги и граѓани, господинот Макрадули е еден мал производ на еден крадец или бандит како што е Бранко Црвенковски. Тој мисли дека јас ќе полемизирам со него, но немам намера да гонаправам ова.

Господине Црвенковски, среќен сум, искрено ви го велам ова, не се грижам воопшто за мојот рејтинг и на ДПА. Главно, рејтингот на Бранко Црвенковски и на Шеќеринска го намаливте на 2%. Вие немате морал, вие сте како вашиот командат, вашиот крадец на 150.000 кражби на Албанците, во име на 2%, наводно зборувате со премиерот на Република Македонија кој има 30 пати повеќе рејтинг од вашиот командант, командант Коки. Прочитајте во Кичево, Тетово, пишува по улиците и е чудно колку сте безобразни, кога го оценувате Имер Селмани, за заборавате дека треба да ни одговорите на едно прашање: Каде ви е Владо Димов? Него да го прашате каде се 30.000.000 евра во Министерството за здравство. И на крајот, господине мали Црвенковски вие ќе се судрите со мене и со ДПА 2009 година. До тогаш нема да спиете мирно. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Контра реплика една минута господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** За гласови крадење, се знае кој е во државата. Ако јас вас ве почитувам, го посветив дел од мојот говор кон вас, јас можам само да констатирам вие како зборувате за господинот Црвенковски дека сте заљубени, воодушевени од него и сте опседнати и крајно фрустрирани од него, неможејќи да воспоставите дијалог со него, вие влегувате во една авантура во која што го мачите потпретседателот на Собранието, процедурално да не интервенира за навредите што ги кажувате овде во Собранието. Но изгледа тие се. Подобро да си куче, отколку да си мал, па сега што ќе рече господинот Петковски, влегуваме во една девалвација на Собранието како институција.

Јас го пофалив господинот Имер Селмани и уште тврдам дека тој може да биде одличен вице премиер, одговорен за меѓуетнички односи, ама за жал, е лош министер за здравство. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот Андреј Жерновски:

**Андреј Жерновски:** Почитуван потпретседател на Парламентот, почитувани колеги пратеници, почитуван претседател на Владата на Република Македонија, почитувани министри,

Искрено и јас лично и пратеничката група на ЛДП е разочарана од тонот на досегашната дискусија која што потврдува дека нам ни треба било каква точка на дневен ред, за да докажеме пред домашната и меѓународната јавност дека во Република Македонија толку се влошени односите меѓу Владата и парламентарното мнозинство и опозицијата, што таа е дојдена до точка на вриење и по секоја цена да сакаме да се навредуваме.

Јас ќе се обидам да дискутирам сосема поинаку, затоа што денеска по изјавата на премиерот на Република Македонија, можеби ќе бидам оценет како наивен политичар, всушност, видов подавање рака на страната на опозицијата, затоа што премиерот кажа, ако погрешив, молам да бидам поправен, дека треба да се посвети повеќе внимание на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор. Ова е почитувани дами и господа, според мене, прв пат од 5-ти јули , после сите критики кои што доаѓаат на адреса на Владата, за кои што јас ќе кажам уште еднаш не се радувам, затоа што се тоа критики за целата држава. Ова е прв пат да имаме признание дека имаме проблем со спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, Охридски рамковен договор кој што е синекванон во нашиот пат кон Брисел, или како што велат претставниците на Меѓународната заедница, нашиот пат кон Брисел оди преку Охрид, а не околу Охрид. И секој политичар во Република Македонија кој што се обидува да тргне кон Брисел заобиколувајќи го Охрид, едноставно, ќе го промаши патот.

За нас, како ЛДП е отстранета дилемата дали денеска треба да дискутираме, а имаме право да дискутираме за целата Влада, а јас ќе дискутирам лично за ресорите, кои што всушност, се менуваат со оваа реконструкција, но овој предлог од страна на претседателот на Владата на Република Македонија, може да се гледа од два аспекта.

Едниот аспект е техничко пополнување на Владата на Република Македонија и второ е признание за незадоволителни резултати во спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, или незадоволителни резултати во областа на здравството на Република Македонија. И уште една димензија за нас многу битно, тоа е спорот кој што настана на очиглед на целата јавност, околу несогласувањето меѓу ВМРО-ДПМНЕ и НСДП, што за нас кажува дијалогот во овој момент не само што е проблематичен на ниво Влада-опозиција, туку имаме проблем со дијалогот во самата владеачка гарнитура, што значи дека можеби е наивно да се очекува, ако овде не функционира дијалогот, ќе функционира другата страна, но тоа е работа на владеачкото мнозинство и тука не мислам да се мешам.

Почитен премиере на Владата на Република Македонија, прво мислам дека треба да и одговорите на јавноста има ли лимит до каде ќе одите со министрите кои што се без ресор. Вие сте свесни за фактот дека македонската јавност знае за тоа дека вие сте рекордер по министрите без ресор од сите влади во Република Македонија. Ова го прашувам од аспект што е јасен ставот дека имаме тука прво буџетско оптоварување, затоа што ваша заложба беше да се води сметка тука за целата работа. Исто така сме се согласувале дека големи тела, голема Влада обратно пропорционално се однесува на ефикасноста на тоа тело, овој пат зборувам за Владата, или всушност се работи за задоволување на политички апетити, што е нормално во една политичка Влада, меѓутоа тоа оди директно на штета на Буџетот на Република Македонија.

Ако го погледнеме распоредот, 1/3 од Владата на Република Македонија се министрите без ресор. Ќе ми дозволите од име на ЛДП да го кажам ставот дека од таа 1/3 всушност, во овој момент вам ви функционира, според нас како опозиција, само 1/7 и тука ќе го пофалам господинот министер што седи до вас. За господинот Ставрески навистина имам позитивно мислење и мислам дека е одлично тој што е во Владата на Република Македонија. Останатите луѓе, кои што се без ресор, значи ќе се држам на темата министер без ресор, се послабата карика во вашата Влада. Ова сакам да го доживеете како добронамерна критика. Госпоѓата Коневска-Трајковска веќе е посочена, ако зборуваме за ЕУ интеграциите како главен политички проблем во Република Македонија, господинот Живко Јанкуловски ни крив ни должен е задолжен и за земјоделие и за образование и не можам тука да дадам некоја оценка, не знам ни каква оценка да дадам за неговото дејствување. Оние што се во пакет, на кои што првата моја дискусија од страна на ЛДП ги пофалив што се во Владата, што се луѓе задолжени за инвестиции господинот Веле Самак и господинот Ташковиќ, кои што најавија дека Македонија да, ќе биде напред, меѓутоа верувале или не, за 40 години цитирам, а ние бараме резултати сега. Тоа се луѓето за кои што јас сеуште не знам, ниту македонската јавност што работат и за што земаат плата. Меѓутоа, мислам дека можете малку да го подучите во вчерашното интервју не само што не признава дека има криза во политичкиот дијалог и политичките критериуми во Република Македонија, туку оние што знаат за Македонија, знаат за нашата политичка стабилност што е една од најдобрите предности што ја имаме во регионот, што веќе не држи.

Господинот Аднан Ќахил, досега го немам видено во Парламентот, да не го нападнам како поранешен колега, но мислам дека и вие не знаете што работи. Господинот Иво Ивановски не мислам да го оценам, зашто навистина имаше малку време. Повторно ќе кажам мислам дека досега немате успех со овие министри кои ви се

без ресор, дали зошто се без ресор, дали изборот е погрешен, за тоа ќе покаже времето.

Ако се вратиме на незадоволнитлните резултати, ќе се согласите дека состојбата во задравството е далеку од тоа што е потребно.

Јавноста цени дека имаме една состојба на Клиничкиот центар која што е прилично неизвесно, започната е борба против дополнителната дејност, меѓутоа, за волја на вистината треба да признаеме дека 18 по број се директори, тоа е одговор на нашето пратеничко прашање, директори на болници, на здравствени домови всушност во исто време се и сопственици на приватни здравствени установи, ги имаме намалените плати во здравството и имаме една состојба која е прилично неизвесна. Но вие велите, јас го сфатив тоа како порака, треба да се обрне повеќе внимание на здравството. Можеби ќе беше подобро, јас се согласувам тука со колегата Макрадули почитуваниот колега да биде повеќе во ресорот кој што му лежи, но, еве времето ќе покаже дали здравството сега ќе даде повеќе резултат, кога ќе се насочи енергија исклучиво на здравството.

Ќе завршам со она што почнав, а тоа е спроведувањето на Охридскиот рамковен договор. Некој ќе каже еве овој повторно се јавува во улога на албанофил, меѓутоа, пред неколку седници бев оценет како албанофоб, па претпоставувам дека вистината е некаде измеѓу. Не сум ниту едното ниту другото, јас само сакам да бидам адвокат на Република Македонија и во тоа се обидувам. Исправете ме ако грешам, господине премиер, вие признавте дека Охридскиот рамковен договор не се спроведува на потребното ниво. Ако пред Нова Година имавме оценка за политичката состојба во Република Македонија како "политичка криза", веќе по посетата на господинот Рен, а за таа посета се надевам дека ќе имам повеќе можност да зборувам на седницата посветена на пратенички прашања - оценета е политичка дестабилизација во Република Македонија. Зошто? Да не заборавиме, јас можеби ќе бидам здодевен, но упорно ќе го бранам Охридскиот рамковен договор, при доделувањето на кандидатскиот статус господинот Рен вели: "Република Македонија забележа политичка стабилност и демократски развој благодарејќи на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор. Таа во моментот е единствена мултиетничка држава која успешно функционира на Балканот и тоа е пример дека таквиот мултиетнички модел може да биде успешен. Токму од овие причини Комисијата препорача на Македонија да и се додели статус на земја кандидат". После во новиот Извештај, односно оној што го имавме при крајот на минатата година, се вели од господинот Оли Рен, еврокомесарот за проширување: "Треба да се преземат дополнителни чекори за да се изгради консензус со кој ќе се овозможи натамошен напредок во имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и конструктивниот дијалог меѓу сите политички партии е неопходно за да се осигура функционирањето на институциите". Факт е дека имаме криза во спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, тоа треба да се каже отворено, а нефункционирањето на она што се вели во Извештајот на Европската комисија, а тоа е "Мнозинството пратеници во Собранието и мнозинството пратеници од малцинските заедници", значи Бадинтеровиот принцип не функционира во Парламентот и да кажеме отворено дека Комитетот за односи меѓу заедниците не функционира, напротив, тој е блокиран. Тие два сегменти што ги споменав се всушност најважни што се однесува до Собранието и функционирањето на Охридскиот рамковен договор.

Господинот Ѓорчев вели дека одговорноста е на сите и јас се согласувам, меѓутоа, Извештајот на Европската комисија вели дека е од многу битно суштинско значење за Владата или на самата Влада е да бара консензус за одреден број на реформи. Точно е дека одговорноста е заедничка, меѓутоа, се знае чија треба да биде иницијативата.

Оттаму, можам да констатирам дека се надевам и тоа со задоволство ќе го прифатиме како ЛДП дека во овој момент прв пат слушнавме од страна на претседателот на Владата на Република Македонија дека имаме проблем со имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и ако денес тоа е признато овде на оваа говорница на која јас зборувам, тогаш тоа е сигнал кој треба јасно да биде упатен до оние кои овде ја претставуваат Европската унија и јасен сигнал до оние кои ја анализираат нашата работа во Брисел. Ако е тоа така, тогаш на тоа треба да се работи, јас го поздравувам тоа. Се надевам дека ќе извлечеме поука и дека од утре и како Влада и како опозиција во Собранието на Република Македонија ќе работиме за доброто на граѓаните на Република Македонија, односно дека ќе го спроведуваме Охридскиот рамковен договор. Зошто? Затоа што тој е нашата карта во правец кон Брисел. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Силвана Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван колега, не се согласувам со вас бидејќи во вашиот говор се обидовте да ги извртите тезите. Во воведното излагање премиерот на Владата на Република Македонија не искажа признание дека не се спроведува на потребното ниво Охридскиот рамковен договор, туку тој искажа убедување дека со посредување на еден министер исклучиво за оваа област, за спроведувањето на Охридскиот рамковен договор, ќе направиме Република Македонија да биде уште постабилна и да чекори на патот кон Европската унија и НАТО. Самиот факт што се спроведуваат сериозни реформи во здравството бара посветеност и ангажираност на министерот

за здравство исклучиво на таа област и токму од тие причини се разделуваат обврските што ги имаше до сега господинот Имер Селмани и се утврдува можност исклучиво еден министер да се занимава со спроведувањето на Охридскиот рамковен договор.

Парламентарното мнозинство и Владата на Република Македонија ја има подадено раката кон опозицијата, кон сите политички партии во опозицијата, вклучувајќи ја и политичката партија ДУИ, за разговор, за компромис околу сите отворени прашања, вклучувајќи го тука и Комитетот за односи меѓу заедниците. Тоа го правиме континуирано во Собранието на Република Македонија и во иднина ќе го правиме, а дали резултатот ќе биде онаков каков што сите посакуваме, зависи од сите, зависи и од парламентарното мнозинство меѓутоа, и од однесувањето на сите политички партии во опозиција. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Цитатот и воопшто цитирањето е една тешка работа, затоа што или се цитира внимателно или ако го промашите цитатот, тогаш си давате автогол. Затоа јас го цитирав премиерот кој што изјави “Да се посвети повеќе внимание” и вие со вашата дискусија, почитувана координаторке на ВМРО-ДПМНЕ, само го потврдивте она што јас го кажав.

Меѓутоа, има една поважна работа. Сакам навистина да сфатите дека имам најдобра намера во она што го кажав. Само се обидувам во гестовите на Владата да пронајдам простор за дијалог меѓу власта и опозицијата за нешто за што е веќе констатирано дека има криза во Република Македонија, криза на политичкиот дијалог кој директно влијае на европерспективата на сите граѓани на Република Македонија. Мојот обид беше да пронајдам простор, можеби е најден, а можеби не, за дискусија, каде што ќе можеме да дискутираме дека заедно треба да одиме напред. Но ќе се согласите сепак дека одговорноста е на Владата односно на премиерот на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со дискусија.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван господине потпретседател, почитуван господин претседател на Владата, почитувани министри, колеги пратеници,

Немав намера да се јавам за збор, меѓутоа, имајќи го предвид излагањето на претседателот на Владата, сметам дека направи неколку пропусти во неговото образлагање и пред Владата на Република Македонија и пред пратениците сакам да земам учество во оваа расправа околу предлогот кандидати за министер без ресор и министер за животна средина во Министерството за животна средина и просторно планирање.

Почитувани господа, во предизборната кампања имавте “Преродба во 100 чекори”. Од “Преродбата во 100 чекори” не видовме ништо, буквално ништо. Во таа преродба можеби само зголемувањето на владиниот кабинет, кој сега со заменици министри изнесува 38 и министри без ресор, мислам дека сте уште малку половина од бројката од 50% на извршените реформи во Република Македонија.

Во вашето излагање го спомнавте господинот Имер Селмани и факт е дека човекот работи и во здравство и како вицепремиер околу спроведувањето на Охридскиот рамковен договор. Нормално е дека две битни работи еден човек не може да ги врши и убаво е што најдовте начин и можност да го растоварите човекот и да се фокусира на една дејност, а да ставите друг човек за министер без ресор, кој ќе работи на спроведување на Рамковниот договор.

Меѓутоа, господине премиер, во вашето излагање спомнавте една работа со која во Република Македонија, а можеби и тука во салата, ќе се согласат со една работа. Немавме успешен министер за животна средина: Дали вие сакате тоа да го признаете или не, требаше во вашето излагање да кажете: ние сметаме господинот Имер Алиу ќе биде покорисен како министер без ресор отколку како министер за животна средина, бидејќи не е успешност ако го оцените донесувањето на последните два закони, измените и дополнувањата на Законот за животна средина и Законот за бучава во ова Собрание, но успешноста не се цени со тоа. Кажете ми за проектите кои беа почнати од претходната влада и застанаа. Како ќе го имплементираме Законот за животна средина без акредитирана лабораторија во Република Македонија. Факт е кога расправавме на една седница на Собранието за европското прашање, факт е дека министерот за надворешни работи кажа дека се прекинати проектите. Дали тие проекти се продолжени, ние не добивме известување. И до каде се?

Меѓутоа, второто образложение кое го давате за кандидатот за министер господинот Бајрами, знае англиски јазик. Дали е доволно човек да знае и англиски јазик и да биде министер за животна средина? Замислете да знае и германски јазик, колку успешен ќе биде! Мислам дека не држи место и не држи вашето образложение. Штета е за луѓето што ги кандидирате, штета е за луѓето што ги дисквалификувате уште на самиот старт да бидат неуспешни и да се сомневаат во нивната успешност. Многу е подобро да им кажете дека луѓето работеле и имаат визија за животната средина. Во овој период од 6 месеци за животната средина буквално ништо не е направено. Што е со жешките точки во Република Македонија? Освен еден проект кој што беше почнат од претходната Влада околу санацијата на јаловиштето на Рудникот “Саса”, која успешно е завршена од страна на министерот Алиу, сметам

дека ништо друго не беше направено за животната средина во Република Македонија.

Меѓутоа, без разлика на нашиот однос во гласањето, знам дека овие двајца млади луѓе ќе бидат избрани и за министер без ресор и за министер за животна средина. Можам од оваа говорница да им посакам успешна работа, а на вас господине премиер, реално да ги согледувате работите и реално да не известувате и да ги давате образложенијата. Така ќе помогнете и на тие млади луѓе, така ќе помогнете и на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за пратеникот Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Уважени колеги пратеници, почитувани министри во Владата, почитуван претседател на Владата,

Во принцип не го доживувам ова сериозно поместување во Владата и во принцип секогаш сакам да разговарам со аргументи, со факти. Ми се чини дека ниеден од пратениците денес, освен господинот претходен соговорник од СДСМ, излезе со одредена аргументација. Во принцип мислам дека владите и министрите се делат по неколу значајни согледби. Имено, има министри кои умеат да работат, но не умеат тоа крајно транспарентно да го изговорат, да го проследат во јавноста, и обратно, има достатно доволно медиуми кои тоа нема на виделина да го прикажат како што треба.

Во овој миг би сакала да разговарам од страната на претходниот министер, за господинот Имер Алиу и за тоа имам сериозна аргументација, а тоа е следната.

Како член на Комисијата за европски прашања имаме околу 100 страници за тоа каква е легислативата од европското законодавство, особено со сериозна аргументација за тоа што е направено во претходната влада и до сега во контекст на Секторот за екологија. Вие знаете дека таму е започната сериозна систематизација и она што понатаму ќе треба да се прави е сериозно имплементирање на новите кадри кои допрва треба стручно да се вработат и да влезат во тој сектор, особено во секторот за Инспекторат. Но она што деновиве сама успеав да видам што е тоа што го направило Министерството за животна средина и просторно планирање ни малку не мислам дека несоодветствува на она што е европско законодавство или она што Европската унија ни го дава за право. Значи, разговараме за две различни начела, дали господинот Имер Алиу бил доволно храбар и транспарентен да излегува секој ден на прес конференции и тоа да го говори или пак можеби сме немале сериозен портпарол во мигот тоа да го прави. Но ако Предлогот за донесување на закон за бучава, за животната средина, Предлогот за измени и дополнувања на Законот за животна средина е во Собрание, за кој разговаравме вчера, Регулаторната гилотиња - формирана е комисија и пополнет е образецот-1 за кој Европската комисија ни говори, изградба на национален систем за еко тестирање на производи и услуги, во интерес на животната средина заштита на посебното природно богатство и зачувување на био, гео и пределен диверзитет, заштита на биолошката разновидност и тука се сериозните конвенции и протоколи од 2006 година, потоа планираните активности во 2007 година. Во Секторот за одржлив развој, реализација на Програмата...

**Иван Анастасовски:** Ве молам, поминаа три минути.

Една минута контра реплика за пратеникот Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Не можев да ја разберам госпоѓа Валентина Божиновска, меѓутоа, би сакал да ја прашам дали се гледа како нареден или иден министер за животна средина или министер без ресор. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот госпоѓа Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван потпретседателе, почитуван господин премиер, почитувани министри, колеги пратеници,

Денес седницата беше закажана со дневен ред Разрешување на министерот за животна средина и просторно планирање и Именување нов министер во тој ресор и уште еден министер без ресор. Едно од нашите очекувања беше дека премиерот ќе даде доволно добра аргументација и образложение за причините за разрешувањето и именување на двајца нови министри, едниот без ресор. Но наместо тоа, мислам дека уште повеќе останаа неразјаснети некои прашања и токму сега се поставува дилемата, со разрешувањето и со изборот нови членови на Владата, во каква ситуација ќе бидеме доведени. Дали во Република Македонија во моментот имаме на денешнава седница избор на нов министер за животна средина и просторно планирање и министер без ресор или пак министер без ресор задолжен за спроведување на Рамковниот договор, а каде е тука сега министерот за здравство што е и заменик претседател на Владата со овие надлежности. Дали ќе имаме двајца министри со надлежности за спроведување на Рамковниот договор, навистина овие дилеми остануваат. Едно е формата што ја имаме во Собранието, а друго е она што денес беше најавено.

Почитувани колеги, во таква атмосфера работиме, со таков дневен ред, со такво префрлување на точки и наместо да расправаме за оние прашања што се поврзани со евроинтегративните процеси, со запирање на расправата по тие точки, со уфрлување на нови седници, нови точки што не се приоритет, се настојува за тоа да се обвини опозицијата. А каква е тука улогата на опозицијата, јасно ни е на сите барем во Парламентот, но треба да знаат македонските граѓани дека дневниот ред го утврдува претседателот на Собранието и најчесто содржан од точки предложени од

Владата како предлагач, бидејќи Владата е извршен орган избран овде во Собранието и ние работиме по тие точки.

Токму заради тоа кои се причините поради кои се прават овие измени, што е тоа што работи Владата, бидејќи ние како парламентарци најмногу сме загрижени затоа што ние ја избираме Владата, одговорноста на мнозинството и во Парламентот е за тоа што работи Владата.

Сакам да ве потсетам и за експозето на претседателот Груевски по повод изборот на Влада, што беше изнесено овде во Собранието.

Цитирам:"Потребни се силни, одлични и комплексни реформи кои ќе донесат подобар живот за сите граѓани, а земјата ќе ја приближат кон исполнување на најзначајната цел, членство во Европска унија, членство во НАТО.

Владата ќе пристапи кон решавање на кумолираните проблеми преку нова развојна парадигма во која основни економски испити се економска слобода и еднакви услови за работење на сите субјекти, динамично спроведување на структурните реформи и партнерски однос на државата со сите леревантни субјекти, а посебно со приватниот сектор со цел да се забрза неговиот развој и да се креираат нови работни места.

На политички и надворешен план главните постулати за работа на новата влада вклучуваат целосно почитување на Уставот, имплементација на преостанатите одредби од Охридскиот договор и целосна и доследна реализација на обврските, согласно договорите со Европска унија и НАТО.

Основни цели на Програмата за работа на новата Влада за приод од 2006 до 2010 година, се подобрување на животниот стандард на населението преку повисок економски раст, зголемување на вработеноста, засилена борба против корупцијата, развој на демократија, подобрување на меѓуетничките односи, политичка стабилност на земјата и интеграција во Европска унија и НАТО.

Воедно преку сеопфатни реформски активности ќе работиме на подобрување на квалитетот и ефикасноста на јавната админситрација. На ова ниво на развој на Република Македонија и е потребна помала, но поефикасна државна администрација која ќе обезбеди подобар квалитет на јавните услуги преку зголемување на ефикасноста на работењето.

Воведување критериуми за вработување и унапредување, базирани врз професионалност и знаење ќе овозможи целосна деполитизација и професионализација на јавната администрација.

Реформите во здравството ќе бидат фокусирани во подобро управување со јавните финансии.

Вториот пакет на реформски мерки се однесува директно на условите за интеграција на Република Македонија во Европска унија.

Нагласувам дека не треба да има никаква дилема дека за новата Влада на Република Македонија, продолжувањето и интензивирањето на сите активности кон исполнување на Копенхагенските и Мадридските критериуми за членство во Европска унија, е врвен приоритет.

Агендата кон Европска унија е јасна и ние се обврзуваме дека стриктно ќе ја спроведуваме Спогодбата за стабилизација и асоцијација и ќе ги следиме насоките од европското партнерство и ќе ги реализираме сите препораки од аналитичкиот извештај на Европската комисија, подготвен при оформувањето на мислењето по апликацијата за членство на Република Македонија.

Нашите нескриени амбиции се да ги започнеме преговорите за членство во текот на 2007 година, или барем во овој период да го добиеме датумот за започнување на преговорите. Колку ќе траат, ќе зависи од нас самите колку сме способни да ги исполнуваме условите за членство. . . "

Почитувани колеги, навистина тоа многу добро звучи вака и кога се чита и кога ќе се потсетиме, но само ако се апстрахираме од тоа што ни се случува во пракса. Немаме ниту Европска унија, ниту Европско партнерство, ниту преговори, ниту реформи во јавната администрација, ниту реформи во здравството, ниту реформи во социјалата, немаме ништо. Ние имаме целосен застој во евроинтегративните процеси. Одговорноста, секако, за овој застој е на Владата. Обврските за Евроинтегративните процеси и интеграцијата во НАТО е на сите ресори, не е само на еден ресор. Тоа значи дека не може министрите да се покриваат еден со друг, или да ја префрлаат одговорноста меѓу себе или пак на коалиционите партнери. Владата на Република Македонија во целост е одговорна за овие процеси.

За да биде Владата успешна треба да биде составена од успешни поединци но кои ќе знаат да работат и тимски. Треба да има поделба и на обврските и на одговорностите, но сите треба да се стремат да го реализираат тоа што го ветиле. Но, ние во пракса се соочуваме со сосема нешто друго. Наместо тоа имаме состојба кога Владата наместо да предлага закони кои значат остварување на нашите приоритети, овде во Парламентот расправаме за празници, расправаме за Деловник и за други прашања кои не се дел од обврските содржани во Европското партнерство, се со цел да го губиме времето и да се прикаже опозицијата како кочница на реформските процеси. Но, сметам дека времето е во интерес на вистината и дека овие работи и на јавноста полека но сигурно и стануваат јасни. Реков, целта е да се прикаже опозицијата како кочничар, но мислам дека треба реално да ги кажеме можностите на опозицијата, како што спомнав и пред малку, дека ние работиме врз основа на тоа што ќе биде утврдено како дневен ред, предложено од претседателот на Собранието, но и со измени и дополнувања поддржани од мнозинството во Парламентот.

На нас во Република Македонија, почитувани граѓани, потребна ни е Влада која ќе предлага закони во интерес на нашите приоритети, а не

Влада на која ќе и бидат упатувани критики, бидејќи и ние, иако сум јас пратеник од опозицијата, како граѓанин на Република Македонија сум заинтересирана Владата да добива позитини оценки во овие процеси што претставуваат наши приоритети. Сите ние сакаме Влада која ќе донесе странски инвестиции, а не Влада која ќе троши парични средства, која ќе произведува балони на кои ќе пишува инвестирајте во Република Македонија.

Сите преместувања на министрите во моментот значат само трошење на времето што Владата го доби од Парламентот, од мнозинството во парламентот, но и врз основа на поддршката на граѓаните на Република Македонија. Токму за тоа јас не верувам дека она што сега се прави претставува можност за подобра работа на Владата, туку само можност за покривање на оние слабости кои во Владата веќе се фокусираат, бидејќи Владата, од начинот на кои работи повеќе личи на трговско друштво. Но, за разлика од трговските друштва кои можат да рекламираат производи и рекламираат производи со некоја амбалажа, ние во случајот имаме Влада која рекламира амбалажа која е празна. Мислам дека тоа не е во интерес на сите нас. Треба да знаеме дека процесот на Евроинтеграција не претставува козметика, туку значи суштински измени. Колку побрзо го свати Владата тоа, мислам дека тогаш може да стане збор за резултати. Во моментот ние тапкаме во место со реформите во сите сфери. Токму за тоа сметам дека навистина, наместо Владата во моментот, а и според очекувањата на македонската јавност, да ги констатира проблемите во одредени ресори за кои и граѓаните зборуваат дека треба да бидат реконструирани затоа што имаме целосен застој во тие ресори, Владата во манир на самобендисаност го проширува својот број и си вели, добри сме, но ајде, еве ќе се прошириме сега, па да бидеме уште подобри. Токму затоа сакам да потсетам дека Владата кога ги прави овие егзибиции, треба да ги има предвид искуствата од земјите членки во Европска унија, бидејќи таму се стремиме, посебно и државата која е некако на преден план, барем кога Владата овде со некои прдлози настојува да ни укаже на компаративни искуства, но секако во оние сегменти кои и одговараат на Владата. Тоа е Германија, па потребно е да се види анализата која кажува дека во Германија има премиер и 14 министри. Ќе ја спомнам и Франција која има премиер и 12 министри, и двајца министри без ресор. Каде сме ние сега во оваа анализа со број на министри, во моментот 22, со новото проширување 23, од кои 8 ќе бидат министри без ресор.

Сметам дека навистина е несериозно од самата Влада најмногу да очекува од министрите без ресор затоа што се задолжени за привлекување за странски инвестиции итн., затоа што навистина илузорно е да очекуваме дека некој ќе постигне некаков резултат ако нема ресор и нема служба која ќе му помогне во овие активности, а оние 14 министри кои имаат и раководат со ресори чии надлежности се прецизирани во закон, не даваат резултати. Навистина е илузорно и не можете да ме убедите дека оние министри без ресор ќе дадат повеќе резултати од оние чии надлежности се предвидени, нели надлежности на министерствата се предвидени во Законот за организации и начин на работа на органите на управата, а Владата најмногу очекува од министрите без ресор.

За каква реформа на јавна администрација зборуваме, ако постојано се зголемува и бројот на оние лица кои ќе работат во тие кабинети на овие министри без ресор. Јас дури навистина се прашувам каде и ќе бидат сместени, каде и во моментот се сместени министрите без ресор, или можеби тоа се компензира со префрлувањето на најстручните луѓе во Владата, на четврти спрат или во некои канцеларии на крајот од ходниците за да не им сметаат во нивната работа. Но, тоа не не води до успех. Мислам дека на тој начин навистина губиме сите, губи Република Македонија. Не би сакала да верувам дека можеби Владата смета дека овие министри па и од дома ќе работат, или еве во знакот на информатичката технологија ќе бидат компјутерски поврзани со Владата, па од дома ќе ги работат задачите, бидејќи нема простор за нивно сместување. Или пак, она што Владата го најавуваше, а при расправата за буџетот стана јасно, во однос на финансиските средства за возила, за мебел, опрема итн., е само желба да се прикаже едно, а да се прави нешто друго, бидејќи Владата најавуваше дека средствата за мебел, за опрема, за канцелариски работи, за возила, ќе бидат смалени. Токму и затоа сега се прашувам од кои средства ќе бидат обезбедени овие услови за новите министри. Реков, не сакам да верувам дека ќе работат од дома. Затоа сметам дека овој предлог што денес се дава, апсолутно не е во функција на реформите кои ја очекуваат Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеничката Благородна Дулиќ.

**Благородна Дулиќ:** Благодарам господин потпретседателе,

Не знам по кој пат мораме да констатираме дека колешката ја промашила темата за која дискутираме денес. Многу се изнакажа, а ништо не се кажа за ова што треба да се зборува по денешниот дневен ред.

Сега, ако одиме по логиката на колешката Младеновска, да дискутираме што Владата ветила, што направила, што пишувало во експозето, што во Програмата на ВМРО ДПМНЕ, треба да се вратиме и назад и да видиме што напрвила таа како министер за правда, додека го водеше тој ресор и додека вратите на затворите повеќе беа отворени отколку затворени за затворениците. Според тоа, мислам дека навистина на вас потпретседателе ви замерувам, да не дозволите од говорницата да се упатуваат

зборови кои не соодветствуваат на темата на дневен ред и да се придржувате и вие кон начинот на водењето, да се спречуваат застранувањата кои не не водат никаде со овие јалови дискусии, со овие презентации на сами себе за да бидат видени од македонската јавност. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Веднаш да ви одговорам за тоа што беше упатено до мене.

Втората точка, и вие ја имате таму во документацијата, е предлог за избор на членови на Владата на Република Македонија. Така што апсолутно тука не се согласувам.

Три минути процедурално за пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, ќе се јавувам толку пати колку ќе го нарушувате дигнитетот на Собранието.

Вие почитуван потпретседателе не осеќате потреба, кога некој во Собранието ќе кажува зборови како ајдук, за луѓе кои не се тука, да не ги прекинувате. Не осеќате потреба кога наместо реплика се врши лична дисквалификација на пратениците и да не интервенирате. Ако сте хендикепирани денес да ја водите седницата, заменете го местото со друг потпретстедател или повикајте го претседателот затоа што наместо репликата да биде на она што е кажано и да исправи погрешен навод, согласно Деловникот, сега слушаме лични дисквалификации за пратеник од опозицијата, што сакала со настапот да покаже. Затоа ве молам, или дајте пауза, или заменете се со господинот Догани, бидејќи очигледно денес сте хендикепирани да ја водите седницата.

**Иван Анастасовски:** Јас немам немера да дадам пауза и не чувствувам дека сум хендикепиран. Јас не слушнав такви навреди од колешката. Јас лично не слушнав. Меѓутоа, и вие во своите говори навредувате еден од претседателите на партијата која е коалиционен партнер, па не ве прекинувам. Така што апсолутно не осеќам за потребно да ја прекинам во тој дел.

Она што беше упатено до мене јас и одговорив дека имаме предлог за избор на членови на Владата и апсолутно колешката Мери Младеновска имаше право во својот говор. Така што вашите забелешки не ги прифаќам.

Ена минута контра реплика за пратеничката Мери Младеновска Георгиевска.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Јас навистина знам дека на колешката Дулиќ и е задача да се јавува секогаш кога јас се јавувам за збор, мене да ми реплицира, но тоа не е мој проблем. Не зависно од тоа дали има аргумент или не, јас можам само да кажам дека навистина е крајно време парламентарното мнозинство да престане да гледа во пратениците на СДСМ власт. Ние веќе шест месеци не сме Влада, не сме членови на Влада и однесувајте се кон нас како пратеници. А бидејќи постапувате поинаку должност ми е да кажам дека подобро треба да отворите очи и да гледате што работат вашите министри, па дури и во ресорот каде што претходно бев јас, бидејќи не спомнавте па морам да ви одговорам, за да се соочите со реалноста што се случува таму, па дури и кога станува збор за состојбата во затворите.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Ташева Виолета.

**Виолета Ташева:** Почитуван потпретседател, почитуван премиер, почитувани минисри, колеги пратеници,

Внимателно ја слушав колешката и кога би била по присутна на собраниските седници, сигурно би знаела што се работи во Владата и во Собранието и што се случува во државата, а кога наместо демагошки дискусии и повеќе дневни, би биле поконкретни, би биле поконструктивни и би се однесувале конечно и би прифатиле дека сте опозиција и народот во државата сигурно ќе види нешто полезно од нив. Би научиле што се реформи и како тие се спроведуваат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика за пратеникот Мери Младеновска.

**Мери Младеновска Георгиевска:** Морам да и одговорам на колешката дека ние многу добро знаеме што се реформи. Во најважните сегменти започавме значајни реформи кои, за жал, вие сега ги стопирате. Мислам дека на погрешна адреса ја упатувате забелешката и дека тоа што го кажавте треба да го упатите до претставниците на Владата. Тоа впрочем го кажаа и претставниците на Европска унија и мислам дека не треба да се апстрахирате од овие забелешки затоа што вашето апстрахирање значи губење на поени за Република Македонија. За жал тоа ќе го осетат и граѓаните. Вие како пратеници, како мнозинство овде сте избрани од граѓаните на Република Македонија и должни сте да работите во нивни интерес, а не како досега да препуштате само пратениците од опозицијата да работат во интерес на граѓаните.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Тито Петкоски.

**Тито Петковски:** Господине потпретседател, господине премиер, почитувани минисри, колеги пратеници,

Излегов повеќе заради контексот во јавноста што се создаде околу позицијата на НСДП, околу оваа мини реконструкција и се разбира нешто во врска со она што моите колеги пратеници не прозваа, го спомнаа моето име. Но, пред се сакам искрено да му се заблагодарам на колегата Макрадули за промоцијата и афирмацијата на НСДП. Мислам дека за сега тоа многу добро го прави и ќе му бидам благодарен ако така и продолжи.

Второ, претседателот на Владата, според нашиот Устав е најодговорниот кој оценува дали во еден момент треба да направи некои промени во сопственот кабинет. Ние колку и да сакаме да негираме, според Уставот Владата има и таков

карактер, има кабинетски карактер, или полукабинетски карактер. Значи ако може премиерот во секое време да се откаже од услугите на било кој министер, значи има таков карактер.

Јас тоа го почитувам бидејќи сме политичка партија која што на самиот старт, влеговме во коалиција и рековме ќе ја делиме судбината, до оној момент до кога чувствуваме дека сме во функција на исполнувањето на нашите програмски определби и се разбира програмата на Владата. Јас, се надевам дека тоа ќе трае многу подолго, дека ќе трае до крајот на мандатот.

Затоа и сметам дека премиерот треба да се поддржи во овој негов предлог. Последиците во секој случај, тој лично, се разбира и Владата и владеачката партија ќе ги почувствуваат најмногу, доколку дојде до промашување на некои решенија.

Јас, ова го чувствувам како обид да се зајакне тимот со персонални решенија, да се најде што подобро место на луѓето, да се искористат нивните лични афинитети и способности, па заради тоа ја поддржуваме оваа иницијатива, односно го продолжуваме Предлогот за промена во Владата.

А инаку, дали ќе треба да постои, некој од моите колеги овде рече имаа разногласие во самата коалиција што ја поддржува Владата, јас политиката ја сфаќам како јавна работа. Дека треба да отстапиме од оној стереотип македонски дека нешто треба се да се работи задкулисно, подземно, нешто зад грб. Туку, едноставно, на јавна сцена да ги изнесуваме своите ставови.

Јас не се срамам, мислам дека би било многу добро, ќе ја зголемиме критичната маса во Владата, во парламентарното мнозинство, ќе артикулираме идеи што можат да бидат многу попродорни, па ако сакате ќе ја јакнеме и демократијата. Според тоа, нека има и разногласие по определени прашања. Меѓутоа, она што ќе се договориме во Владата, после едно такво разгласие, едноставно треба да го спроведуваме. Тоа треба да го спроведува Владата, а парламентарното мнозинство да ги почитува тие предлози и преку една отворена дебата ќе носиме многу подобри закони доколку само сметаме дека ќе биде ерес ако кажеме нешто спротивно од моментот во кој што се застапува едно становиште дали премиерот, Владата, некој министер или дел од парламентарното мнозинство.

Според тоа, мислам дека тоа ќе биде во функција на зајакнување на одговорноста, би рекол и јакнењето на довербата меѓу коалиционите партнери ако јавно го говорат она што го мислат, а не тајно зад грб. Јас така ќе продолжам, така ќе продолжи и НСДП. Ние се обидуваме да промовираме една, ако така сакате нова пракса во политиката да и некој прашања што не ни се допаѓаат, па дури и ако сте забележиле и меѓу пратениците на НСДП сакаме да негуваме таков метод на работа и да има различни мислења по определени прашања. И тоа е во функција на јакнење на автономноста на личноста, можност за артикулација на различни погледи и дефинитивно, мислам дека со тоа ќе ги збогатиме идеите што овде ги пласиравме во Собранието.

Конечно, околу простувањето, некој ми го сметаат за грев. Сметам дека е тоа христајанска работа. Мислам дека луѓето кои не знаат да простуваат имаат пекол во душата. Дека им е многу тешко. Јас сакам да се ослободам од тоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За реплика, претпоставувам три минути реплика има пратеник господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Ќе реплицирам во неколку наводи на мојот колега Петковски што беа кажани.

Очигледно, повторно бега од одговорноста и повторно, евентуално за лошите резултати од оваа претумбација што се случува во Собранието. И самиот, како што кажа премиерот, односно тој лично, ќе биде најмногу одговорен.

Да, се трудиме во јавноста да ја вратиме СДСМ на сцена, затоа што мислиме дека со политиката што ја води, со молчењето овде во Собранието, со молчењето во предлозите и во дефинирањето на политиката на Владата не е она што треба да биде, барем малку кочничар на сите потези што ВМРО-ДПМНЕ ги прави. И не мислам дека тоа враќање на сцена ќе биде лошо, бидејќи можеби ќе почнат да зборуваат пратениците од НСДП овде во Собранието, или пак некои од министрите предложени во Владата во Република Македонија ќе дојдат повеќе во израз и ме радува што господинот заменик премиер за образование и земјоделие го однесе во Катар да прошетаат и веројатно таму, дали за земјоделие или за образование ќе научи нешто. Не знам, ќе видиме, но сигурно од господинот Ташковиќ има што и да се научи.

Затоа, нашите аргументи што ги кажуваме се врз база на изјавите што ги читаме или слушаме од вас господине Петковски. Затоа, вие зборувате дека не треба задкулисно и тајно да се работи. Јас само ќе цитирам дека вие сте затечен, како што велите самите, дека немате поим за предлогот на Груевски кој за ова ве информирал во телефонскиот разговор дури откако се вратил од Брисел, тоа не мислам дека е транспарентно и дека е задкулисно, или пак она што најмногу ги интересира граѓаните на Република Македонија е тоа што се договоривте викендов, на нетранспарентна и тајна средба во Владата на Република Македонија, која е цената што НСДП ја испорача за да гласа за овој предлог, а што ќе го видиме набрзо. Нормално, вие денеска нема да кажете дали е тоа што се шпекулира, останувањето на вашиот кадар во Владата, министерот за економија, или пак некое ново решение, времето ќе покаже брзо. Тука сме, живи и здрави, но, ако зборувате за транспарентност и некулисни работи, добро е, во интерес на јавноста

да кажете што сте се договориле во саботата и кој е договорот што НСДП ќе го заќари од овој предлог на господинот Тачи да се има уште еден министер во Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Па тоа е разликата меѓу вас и нас господине Макрадули. Вие, политиката ја доживувате како чисто профитерство, а ние како потреба да се создадат стабилни општествени односи.

И, второ, во Собранието пратениците на НСДП ќе зборуваа она што треба и што мислиме дека е корисно, а не сешто, по 40 по 50 по саат време. Ваша е цената како што е наша и нашиот однос. Немаме намера да ве подучуваме ниту имате потреба нам вие да ни делите лекции. Но, еве дефинитивно судат граѓаните за тоа, па ќе причекаме малку, ќе видиме.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика пратеник господин Ивановски Игор. Повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Не го гледам господинот Тачи да му честитам дека една работа во животот што ја кажува е точна. Тоа е, дека денеска и јас самиот се уверив дека Тито Петковски се повеќе личи на Васил Топурковски и веројатно тоа иде правопропорционално со оние шокови или трауми кои што ги доживува во функционирањето на владината коалиција.

И јас консенквентно на тоа што тој го кажа сакам од него лично да слушнам, кога веќе сака да говори дека нема задни и задкулисни разговори, дека се треба да се отвори на јавна сцена. Ме интересира дали кога разговарале дали со премиерот дали со господинот Тачи го отвориле и прашањето за тоа како Даут Реџепи Лека стана пратеник, како Агим Красниќи наместо на едно место, согласно законот и Уставот, најверојатно ќе се заврши на неколку метра од господинот Тито Петковски тука. И, што е целта и колкава ќе биде сумата и вредноста за пазарот помеѓу коалиционите партнери. Ветојатно тој е надвор од овој пазар но тоа воопшто не ме загрижува и воопшто не ме интересира.

Гледам дека во изминативе шест месеци кога ќе стане збор за односи помеѓу коалициони партнери секогаш завршува со некаков пазар. Тој пазар не е во делот на политиката, не е во делот на подобрување на функционриње на Владата, тоа е само пазар во делот на кадровските личности. И тоа покажува кое е нивото на функционирање на коалиционите партнери. Таму нема дијалог, како што нема дијалог. и помеѓу останатите политички субјекти за жал.

Имам чувство дека во Владата на Република Македонија се повеќе се инсталира монолог и дека како што тргнале со овие дополнителни измени и инсталирање на нови носители на функции во Владата наскоро ќе добиеме предлог за избор не на личност за нова функција, тоа ќе биде избор на газда на Владата на Република Македонија која што ќе ги интегрира сите политички носители во Владата на Република Македонија. И, претпоставувам дека тоа ќе биде господинот Мендух Тачи, бидејќи тој очигледно за краток временски период ги спакува во позитивна смисла за него и Лека и Агим Красничи. Сега добива министер плус. ВМРО-ДПМНЕ апсолутно си ќути, новидно ние кои што се грижат за македонските интереси, господинот Тито Петковски за три дена дава 4 изјави и на крај бара прошка. Не помага прошката. Контрадикторните изјави остануваат во јавноста и за тоа ќе ви судат македонските граѓани, едноставно дефинитивно се покажува дека тоа што се шпекулира и конкретно се реализира. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господин Петковски Тито. Повелете.

**Тито Петковски:** Тоа е матрица господине Ивановски и нема бегање од неа, меѓутоа има голема штета за Македонија.

Е, сега им е јасно на сите граѓани зошто го напуштив СДСМ. Колку повеќе се јавувате уште почесто ги уверувате. Пак говорите за некој профит, бенефит, цена која е. Не разговараме ние за цена. Разговараме за политички пропуст не за функција и распределба на места итн. Веројатно имавте можност да се уверите и до сега, а уште повеќе од сега.

Според тоа, не разговаравме со премиерот на темите за кои што вие рековте на последната средба, разговаравме за оваа мини реконструквија. Таа е резултат на тој договор. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеник господин Кондарко Борис. Повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Од излагањето на господинот Петковски многу добро може да види македонската јавност што се случува на политичката сцена во Македонија, поточно што е цената на политичкото профитерство за што говореше и Петковски, како од еден лидер на партија станува понизен слуга на премиерот кога треба да се брани нешто што не се брани и да се одбере улогата адвокат на ѓаволот т.е., пардон на Владата.

Значи, од оваа партија, што е само сателит на ВМРО-ДПМНЕ...

(Бурни реакции во салата)

**Иван Анастасовски:** Се извинувам колеги, продолжете, продолжете.

**Борис Кондарко:** Значи, од излагањето на Петковски, кој како сателит на ВМРО-ДПМНЕ не видовме ниту визија, ниту нови предлози, ниту платформа, ниту стратегија како коалиционен партнер или сателит на Владата на ВМРО-ДПМНЕ, напротив само сакам да ги цитирам за да

читаме меѓу редови од говорите на Петковски на кој начин ја води политиката или политиканството и на кој начин опстојува на политичката сцена, овој пат служејќи му на премиерот Груевски.

Дека, според него, со ваквите потези, со ваквата реконструкција на Владата ќе се зајакне тимот, па понатаму ќе се артикулираат нови идеи, ќе се зајакне демократијата, да има разногласија, со тоа значи ќе се зајакне демократијата, ќе се отвори дебатата, на тој начин ќе се носеле подобри закони, ќе се зајакне одговорноста и довербата меѓу коалиционите партнери.

Па, колеги, ние овде зборуваме за реконструкција на Влада а не за односите во владината коалиција. Нас тоа не не интересира. Освен ако ова излагање на господинот Петковски не го сфаќаме како лична негова исповед, како правдање пред некого, дали пред премиерот и додворување или како дебата за тоа  кој колку придонел во владината коалиција, односно кој колку понатаму треба да се испазари за да добие функции од премиерот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот господин Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:** Знаете што, уште во претходниот мандат на Собранието реков во една прилика дека на господинот Кондарко нема да му реплицирам. Затоа што тука нема ни суштина, ни содржина.

Очигледно дека не ги ни следел дискусиите од своите колеги на кои реплицира. Според тоа, живејте во заблуда во оној свет што си го познавате. Но, штета е, млад човек е.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално барате збор?

Три минути процедурално за господин пратеник Тачи Мендух, повелете.

**Мендух Тачи:** Бидејќи не ги знам добро процедурите, мислам дека треба да направам реплика на господинот, не знам, на албански шемо е машко, е шема е женско.

Мислам дека, навистина, треба да му одговорам ...

(Реакции од страна на пратениците)

**Иван Анастасовски:** Вие баравте процедурално, а ова не е процедурално. Немате право на тоа. Можете да останете за збор, да го кажете вашето мислење.

**Мендух Тачи:** Јас мислам дека процедурално ќе зборувам, затоа што не се зборува денеска за мене, туку се зборува за предлогот на премиерот.

**Иван Анастасовски:** Единствено што бевте спомнат, бевте спомнат овде. Меѓутоа немате право.

(Дофрлање од место)

**Мендух Тачи:** Мислам дека имам право да дадам некои одговори.

Господине Шема, по теркот на Црвенковски, многу го потценувате македонскиот народ. Вие мислите дека сите Македонци се мазохисти, како што сте вие. Заборавате дека направивте Влада и коалиција со една политичка групација која што ...

(Остри реакции и дофрлувања)

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, во што е процедурата?

**Мендух Тачи:** На одговорот.

**Иван Анастасовски:** Во што е нарушена процедурата.

(Остри реакции од место)

**Мендух Тачи:** Процедурата е нарушена во тоа што сакам да укажам дека не смеат денеска да зборуваат за мене туку за предлогот на премиерот. Во тој контекст цело време зборувам.

**Иван Анастасовски:** Добро, јас се извинувам, останете за збор, можеби вие сте им поинтересен од премиерот, останете за збор и ќе ги кажете вашите аргументи бидејќи бевте спомнат овде.

**Мендух Тачи:** Господине потпретседателе,

Ве молам да не ме прекинувате. Еве, две минути изгубив.

**Иван Анастасовски:** Ајде, продолжете, да видиме во што е процедурата.

**Мендух Тачи:** Господине потпретседателе да не ме прекинувате.

Господине Шема, да го прашате Бранко Црвенковски кога изјави како командат на вооружените сили на Македонија дека на 15 јули ќе влегуваме во Кондово. Зошто не влегол во Кондово?

(Реакции од пратениците)

Да ја прашате малата Малечка од Албанија, која е соработник ...

(Бурни реакции од страна на пратениците)

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги, јас мислам овде 10 минути треба да добиете пауза, малку главите да ги оладите.

Десет минути пауза.

(По паузата седницата седницата продолжи со работа во 13,39 часот).

**Иван Анастасовски:** Почитувани колеги продолжуваме со работа.

Бидејки на екранот го гледам само господинот пратеник Игор Иванов, тој не е присутен овде.

Има збор господинот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Благодарам господине потпретседател.

Ви честитам за вашата вештина воновата задача штоја имате, треба да бидеш малку и повешт и со пратениците на СДСМ, затоа што говорат сите надвор од дневниот ред, сигурно се поставува прашање дали се работи за тоа дека тие имаат нивни конгрес или нивна коминтерна брзо и сега нормално како што велат србите “ нека се зна ко коси, а ко вода носи”, па и на конгресот кој е појак од вас.

Мислам дека е срамно да ги потцените толку многу граѓаните на Република Македонија, конкретно Македонците. Кога говорите за Агим Красниќи сакам да ви кажам еден неоспорен

факт. Агим Красниќи и неговите дејанија не убиле никого. Ниту една мајка не е облечена во вцрно, ниту едно дете не останало без родители. Само да ве потсетам дека вашите партнери кои што ги имавте во коалицијата со своите дејанија во 2001 годинауспеаа да постигнат стотици мајки и жени да се облечат во црно и деца да останат без родители или сирачиња. Сепак имав големи надежи дека вие младите ќе ја елиминирате евентуалната комунистичка структура убивај, коли, уништувај само да дојдеш на власт.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, да се држиме до точката на дневниот ред. Сосема уредно земавте збор за избор на членови на Владат аи мислам дека е коректно да се држиме до точката.

**Мендух Тачи:** Благодарам.

Очигледно малку имате право. Зошто тие зборуваат за мене кога се работи за друга точка. Ние можеме да се договараме тие да не зборуваат за мене, туку да зборуваат за предлогот и јас да зборувам за предлогот.

Се зборува за Владата на Република Македонија, се заборава дека вие и вашиот вoѓа сте дел од срамната историја на Македонија, затоа што имам хипотетичко прашање да не бевте вие да прифаќате коалиција со таквите луѓе што ќе се случеше. Затоа ве молам да не провоцирате. На вашиот поранешен шеф господинот Бучковски, поранешен премиер, поранешен претседател на партија во почетокот на работата на ова Собрание му реков “еднаш си го игравте Хамлет 2001, немојте повторно да се обидете, тоа ќе личи само на пародија”.

Мислам дека тотално некоректно е да ја напаѓате ДПА. ДПА мислам дека е светлиот дел на историјата во Македонија. Ние напуштивме власт, потпишавме Охридски договор, нас ни ги земавте гласовите со сила 4 пати, имам аргументи за повеќе од избирачки места 900:0 ; 700:0; 500:0 и ние ја очекувавме, ја дочекавме нашата шанса да се вратиме на власт по демократски принципи и методи.

Свесен сум дека сте во тешка паника и вие и “тај шта коси и вие воду му носите”, поради тоа што немате можност веќе да станете власт.

Ако вашата стратегија беше да ја изолирате ВМРО-ДПМНЕ, како што се изолирани радикалите на Шешељ во Србија мислам дека овде имаше една политичка партија, која се вика ДПА - Демократска партија на Албанците, таа не се вика ДУИ, БДИ, инструмент на СДСМ и на поранешните комунисти. Оваа партија е заслужна што вие не успеавте Македонија да ја држите на мртва точка. Ве повикувам да немате работа со ДПА. Еднаш ви попуштивме, друг пат нема да ви попуштиме. Ви гарантирам дека ако вие го сакате судирот со ДПА чекајте по демократски пат 2009 година вашиот командант ќе се судира на претседателски избори со ДПА. Ако успеете ДПА д аја победите со демократски избори ќе ви признаеме, но јас сум сигурен дека во тоа нема да успеете, бидејки, уште еднаш ви повторувам, лично сум тој што ви го уништи рејтингот со се Бранко, Бучко и Шекеринска имате 1,7. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика за пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Потпретседателе очигледно сите процедурални забелешки кон вас не помагаат. Ние направивме напор да се повлечеме во духот на коснтруктивноста ги повлековме сите процедурални забелешки, но очигледно не наидовме на разбирање од страна на мнозинството.

Само во интерес на вистината, од крајот на декември до почетокот на февруари рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ е намален за 1,4. Јас ве уверувам господине Тачи и веќе ви благодарам што денеска сигурно го намаливте за уште 1,4. Тука ние само можеме да бидеме благодарни, но не можеме да бидеме среќни за тоа како се одвиваат политичките процеси во Република Македонија. Тоа најдобро, и загрижени сме, вие го демонстриравте со ова излагање. Значи, го маргинализирате до крај претседателот на Владата, ја поставувате точката на дневен ред како избор или како дуел меѓу ДПА и СДСМ апстахирајки ги другите колаициони партнери и потврдувајки ја тезата што ја кажуваме како СДСМ дека сте загрижени за тоа што една партија што ги изгубила изборите на 5 јули добива широка подќка, ВМРО-ДПМНЕ дозволува да зборува во нивно име и секогаш кога ДПА ги бранел ВМРО-ДПМНЕ не и одело добро на Република Македонија. Ние сме загрижени како пратеничка група, како партија за тоа како се одвиваат политичките процеси во Република Македонија.

Не се секирајте вие како ќе помине конгресот на СДСМ, ќе бидете сите парламентарни партии се поканети, ќе дојдете, ќе видите како ќе биде таму, гледајте што се случува на процесот на политичката стабилност во Република Македонија. Минимизирањетона најголемата политичка партија во Владата не може да и донесе добро на политичкиот процес и развојот на политичкиот процес во Република Македонија.

Држењето во заложништво на партија што добила 309.000 гласа не мислам дека е добро. Затоа се надевам дека ќе се псотават односите онака како што треба и предлогот што треба да го брани претседателот на Владата нема да се претвори водуел меѓу ДПА и СДСМ, затоа што ова не е ваш предлог, ова е предлог на претседателот на Владата, но која е цената на односите тоа најдобро го знаат Груевски и Тачи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот господин Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Пола лекар стоматолог сум јас и нема што да ви правам што вие сте несреќни. Бидете и натаму несреќни.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Почитуван потпретседателе, денеска имаме кулминација на понижувањето на институцијата Парламент на Република Македонија и јас му благодарам на господинот Тачи што овозможи македонската јавност да види со кого си има работа и за каква Влада гласала, претпоставувам не за ваква и да види како функционира Владата на Република Македонија.

Мене не ми е јасно дали господинот Тачи денеска се обиде да даде предлог и да се воведе српскиот јазик во раководењето, функционирањето на македонскиот Парламент. Знам дека еден од пазарите е воведувањето на албанскио тјазик на комисиите и тоа е една од фактурите што треба да ги плати ВМРО-ДПМНЕ.

Мислам дека е дегутантно и граѓаните на Република Македонија не смеат веќе да слушаат во овој Парламент реченици од типот кој колку убивал и кој кого завил во црно. Сметаме дека се одмрднавме од таа точка, ама за жал некој сеуште уште повеќе сакаат да живеат во таква ситуација.

Господине Тачи јас знам дека ја имате силата и моќта во Владата на Република Македонија и неслучајно предложив на некоја идна седница ние да бираме газда на Владата на Република Македонија. Ако тоа се случи јас ќе ве предложам, но не знам од каде ви е таа омраза, не знам од каде ви е причината вие да се заканувате кој со кого ќе се пресмета,на кое место и да демонстрирате сила и моќ од позиција на демократска институција, а тоа е Парламентот на Република Македонија.

Овде господине Тачи треба да се судриме со тоа како Македонија ќе ја приближиме напред и во делот на економијата и во делот на Европската унија и во делот на НАТО алијансата. Тоа денеска не го видовме. Видовме само реализација на еден конкретен  пазар кој што вие самите пред медиумите самоуверено, полни со ароганција го најавивте и тоа денеска всушност и се случува. За жал, или за среќа ќе покаже времето и не мислам дека вие можете, или дека ова е вашиот максимум. Може да продолжите со моја лична навреда, со моја лична дисквалификација. Јас знам дека Игор Ивановски се пишува подеднакво исто и на македонски и на албански и на англиски и знам дека исто така и Мендух Тачи се пишув аисто и на македонски и на албански и на англиски, ама има една мала разлика - јас не сум на црната лсита на САД, а вие сте. Зошто е тоа така јас не би требало да го дадам одговорот,но тоа е уште еден показател за тоа како се вреднува работење на еден поединец во демократскиот систем на Република Македонија. Ќе ве замолам ние можеме да дебатираме и да дискутираме колку сакате за конструктивни, за коректни работи без лични работи и се надевам дека следниот пат поинаку ќе се однесувате.

**Иван Анастасовски:** Една минута за контра реплика на пратеникот Мендух Тачи, повелете.

**Мендух Тачи:** Се смиривте малку. Мислам дека е добро што се смиривте малку и ви се симна адреналинот. Навистина господине Игор Ивановски треба да разговараме, да расправаме за дневниот ред, благодарам ова важи за вас и за мене.

Второ, вистина е дека Македонија треба да оди напред, меѓутоа вие треба да ги почитувате принципите кои што се демократски, значи демократските принципи на одлучување. Проблемот поради кој што вие ја браните ДУИ, до колку говориме за победа ДУИ победи само во Кичево може да има валст во Кичево. Јас победив во Тетово и таму ќе имам власт, меѓутоа вие треба да имате предвид дек авашите дејствуања, вашите активнсоти што ДУИ го користите како топовско месо може да ја дестабилизира државата. Јас не говорам за вашата партија, демократските процеси говорам само за злоупотреба...

**Иван Анастасовски:** Заврши вашето време.

Бидејќи нема повеќе пријавено за збор...

(Господинот Тачи се јавува за збор).

Што е сега проблемот господине Тачи?

(Тачи - барам збор процедурално).

Повелете да видиме во што е процедурата.

**Мендух Тачи:** Јас лично мисал дека вие претеравте во вашата ароганција спрема мена. Мислам дека кога ќе водите седници следниот пат треба да бидете малку попретпазливи. Ви ене сте тука главниот кој жари и пали господине потпретседателе. Ние коелгијално сме се договориле и за реплика и за повторна реплика на човекот да му се овозможи до крај да се искаже.

Мислам дека ваквото однесвуање не ви носи добра политичка кариера.

**Иван Анастасовски:** Благодарам господине Мендух.

Една минута ви беше времто за контра реплика. Имавте пет секунди повеќе.

Во секој случај бидејки нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Џелил Бајрами да биде избран за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници. 66 гласале за 2 се воздржале од гласање и 10 гласале против.

Констатирам дека Џелил Бајрами е избран за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Отворам претрес по Предлогот Имер Алиу да биде избран за министер без ресор на Владата на Република Македонија.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот.

Предлогот Имер Алиу да биде избран за член на Владата на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 78 пратеници.

66 гласале за, нема воздржано и 12 гласале против.

Констатирам дека Имер Алиу е избран за министер без ресор на Владата на Република Македонија.

Дами и господа пратеници дозвоелте ми во ваше и мое име на Џелил Бајрами и Имер Алиу да им го честитам изборот и да им посакам успех во работата.

Ги молам минситрите да дадат свечена изјава.

(Се дели текстот на свечената изјава).

Ве повикувам да станеме.

(Потпретседателот на Собранието, како и сите пратеници присутни во салата стануваат)

Ги молам министрите да го повторуваат по мене текстот на свечената изјава.

“Изјавувам дека функцијата ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе ги почитувам Уставот и законите на Република Македонија”.

Ги молам министрите да ги потпишат свечените изјави.

(Министрите ги потпишуваат свечените изјави).

(Потпишаните изјави се собираат и се предаваат на потпретседателот на Собранието на Република Македонија).

Дами и господа пратеници ја заклучувам 33-та седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со работа во 15,00 часот со 16-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Аплауз)

(Седницата заврши во 13,58 часот)